ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# Преглед на учесниците на Академијата за јавни политики и програмата за мобилизатори на заедницата, кои беа поставени на листите на кандидати за парламентарните избори во 2024

## I. Вовед

Програмата за поддршка на изборите во Северна Македонија е проект на Владата на Швајцарија што го спроведува Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Главната цел на Програмата е да се поддржуваат демократски и кредибилни изборни процеси коишто го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција, овозможувајќи им на гласачите слободно да ги изберат своите претставници и да ги повикаат на одговорност.

Активностите имаат за цел да се поддржи оваа цел преку постигнување на три резултати:
• Резултат 1: Зајакнати институции спроведуваат фер, транспарентни и ефикасни изборни процеси;
• Резултат 2: Политичките партии застапуваат граѓански ориентирани политики и изборни програми;
• Резултат 3: Зајакнатите граѓани (особено младите и жените) ги повикуваат политичките партии и избраните функционери на одговорност.

Програмата соработува со голем број чинители – граѓански организации (ГОи), политички партии, државни органи и граѓани, во насока на унапредување на знаењето и експертизата за изборните процеси и меѓународните добри практики.

Препознавајќи го значајното влијание кое го имаат младите луѓе врз изборите и политиката во демократиите во развој, Програмата за поддршка на изборите има за цел да ги оснажи младите луѓе со цел ефективно да се ангажираат околу политичките партии и креаторите на политики, вршејќи влијание врз креирањето на политиките. Првата фаза од Програмата главно беше насочена кон зајакнување на младинското учество преку иницијативи како што се програмите на Академијата за јавни политики и мобилизација на заедниците.




Преку Академијата за јавни политики (АЈП), Програмата соработуваше со повеќе политички партии за зајакнување на нивните способности за подготовка на изборни стратегии засновани на докази, како и истовремено преку спроведените иновативни иницијативи да се поврзат со локалните заедници, вклучително и со жените, младите и останатите маргинализирани групи[1]. Преку олеснување на

[1] Иновативните иницијативи имаат за цел да се постигне поголем ангажман со заедниците на локално ниво, или поконкретно, за начините на кои се управува со општините преку информирање и подигнување на свеста кај граѓаните, преку дискусии и повикување на одговорност. Преку иницијативите се преземаат низа на различни активности, како што се анкети за мислењето на граѓаните за приоритетните проблеми, информирање на носителите на одлуки, спроведување


Спроведено од: International Foundation for Electoral Systems

структурирани дискусии и размена помеѓу граѓаните, политичките субјекти и владините функционери, Програмата помагаше во зацврстувањето на политичката транспарентност и инклузивност во рамки на изборните процеси.

Во периодот од 2019 до 2023, поддршка се даваше на три генерации на подмладокот на разни политички партии.

Во проектот учествуваа три групи од 75 млади политичари од 15 политички партии (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ЛДП, ДУИ, Алијанса за Албанците, Алтернатива, Левица, ДОМ, БЕСА, НСДП, Партија на Власите, ДПА, ВМРО Народна партија, Обединети за Македонија и Движење за национално единство на Турците) и на една граѓанска иницијатива (За наше Куманово).

Покрај тоа, од почетокот на спроведувањето на Програмата во 2019, приоритетот беше ставен на зајакнувањето на граѓаните, особено на младите, што претставува основен столб на Програмата за поддршка на изборите за да се обезбеди отчетност на политичките партии и избраните претставници. Беа вложени значителни напори за мобилизирање на проактивни млади поединци и граѓанското општество за да се залагаат за граѓанско образование, инклузија, мониторинг, и активизам во нивните локални заедници.  Оваа заложба резултираше во формирање на три последователни групи на мобилизатори на заедниците, а 88 млади луѓе од 43 граѓански организации учествуваа во активностите.




Покрај програмите во рамки на Академијата за јавни политики и мобилизација на заедниците, младите од политичките партии беа поддржани и преку активности коишто беа дел од сеопфатна развојна програма наменета да се зајакнат Истражувачко-аналитичките центри на политичките партии. Во рамки на Програмата беа поддржани и неколку работилници за градење капацитети за подмладокот на политичките партии.

## II. Цел и методолошки пристап

Следењето на развојот на младите активисти од политичките партии и граѓанското општество откако беше обезбедена поддршка за градење капацитети, е клучно за да се постигне одржливост и влијание од заложбите, како и да се негува ефективно лидерство во политиката и во граѓанскиот ангажман.

Тоа е проактивен пристап со цел да се охрабри следната генерација на лидери и да се поттикнува култура на отчетност, учење и иновации во управувањето. Во периодот од 2025-2027, Програмата за поддршка на изборите ќе дава поддршка на уште две групи на Академијата за јавни политики за младите лидери од политичките партии и ќе спроведува уште два циклуси за градење капацитети за мобилизаторите на заедниците.

Во таа насока, следењето на развојот кај младите лидери и активисти помага да се идентификуваат областите каде што има потреба од дополнителна поддршка или обука. Тоа овозможува да се

на герила акции за односи со јавност, потпишување петиции, изработка на дигитални алатки и организирање на форуми со заедниците, и онлајн и со лично присуство.

стекне увид во празнините во однос на конкретни вештини или предизвиците со коишто тие се соочуваат во нивната политичка кариера или во нивните заложби за граѓански ангажман, и од друга страна овозможува соодветно да се прилагодат идните програми за градење капацитети во рамки на Програмата за поддршка на изборите.

За да се следи дали раководството на политичките партии ги препознава и вреднува стекнатите знаења и вештини преку разни развојни заложби, постои можност да се применат различни пристапи. Мониторингот што беше спроведен од страна на ИФЕС и е опфатен со овој документ беше насочен на два конкретни аспекти: а) застапеност на поединци со унапредени вештини на листите на кандидати, и б) нивното место на листите на кандидати за парламентарните избори во 2024. Сите листи на кандидати може да се најдат на https://candidatelist.sec.mk/CandidateList. Преку преглед на листите на кандидати, беше утврдено дека шест од учесниците во програмата се застапени на листите на кандидати.

За да потемелно се осознае ефективноста на заложбите за градење капацитети кои беа поддржани во текот на Фазата 1 од Програмата, ИФЕС стапи во контакт со секој од шесте кандидати. На нив им беа последователно поставени следните прашања:

1) Како би го опишале вашето искуство со програмата за Академијата за јавни политики/Мобилизација на заедницата?

2) На кои начини ви помогнаа заложбите за градење капацитети за да станете кандидат на парламентарните избори и како ве подготвија за учество во кампањата и изборниот процес?

Во следното поглавје се дадени и квалитативните и квантитативните наоди, надополнети со концизен профил на кандидатите.

## III. Наоди

Шест поединци кои претходно учествуваа или на Академијата за јавни политики или во активностите за мобилизација на заедницата беа поставени на листите на кандидати на политичките партии и коалициите за парламентарните избори во 2024. Подолу е даден сеопфатен преглед за овие поранешни учесници во програмата, нивното место на листите на кандидати, веројатноста да бидат избрани, и нивната вклученост во Програмата за поддршка на изборите[2].

Покај тоа, уште четворица учесници на работилниците посветени за помладите членови на политичките партии што беа организирани во соработка со Истражувачко-аналитичките центри на партиите, беа дел од листите на кандидати за парламентарните избори. Тука е даден и кус опис на нивното учество во програмата.

Во однос на родовата распределба, постигната е еднаквост, односно, од вкупно десет кандидати, пет се мажи и пет се жени. Осуммина се Македонци и двајца се Албанци. Тие се претставници на вкупно шест политички партии: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, Демократско движење, Левица и Демократи.

[2] Дадени по азбучен редослед.

**Илија Блажевски**
**Политичка партија: Демократи**
**Изборна единица: 1**
**Место на листата на кандидати: 4**
**Поврзаност со Програмата: втора генерација на Академијата за јавни политики**



Илија Блажевски беше учесник во првата генерација на Академијата за јавни политики. Тој ги посетуваше првите два модули, но отсуствуваше на третиот модул и поради тоа не се стекна со сертификат за завршена академија. Блажевски го поднесе следниот предлог за иницијатива: „Справување со појавата на зголемен број на случаи на семејно насилство во населбата Драчево”.

Илија Блажевски е член на политичката партија Демократи и во моментов е дел од Централниот комитет на партијата. Тој е на четвртото место на листата на кандидати на партијата во изборната единица 1. Изгледите дека Блажевски ќе влезе во Собранието се малку веројатни.

Илија се навраќа на позитивните искуства со Академијата за јавни политики, и смета дека тоа е корисна можност да се разгледуваат разни политички перспективи, да се стекне ново знаење и да се усовршат вештините преку дебати и интеракција со врвни предавачи и политички противници. На сите млади поединци кои се вклучени во политиката им препорачува да учествуваат на Академијата, притоа истакнувајќи ги придобивките што се нудат.

Илија смета дека вештините стекнати на академијата му помогнале да обезбеди четврто место на листата на кандидати во првата изборна единица. Тој искажува пофалби за огромното знаење и искуство на предавачите, потенцирајќи дека научил нови иновативни методи и пристапи за изборните кампањи. Тој искажува надеж дека примената на тие методи ќе придонесе за успешна кампања и изборна победа.

**Јулија Димитриевска**
**Политичка партија: Левица**
**Изборна единица 2**
**Место на листата на кандидати: 18**
**Поврзаност со Програмата: трета генерација на Академијата за јавни политики**




Јулија Димитриевска беше учесник на третата генерација на Академијата за јавни политики. Таа ги помина сите три модули и се стекна со сертификат за завршена академија. Димитриевска ја предложи иницијативата „Подобрување на пристапноста на патната инфраструктура преку обележување на локалните улици и/или поставување на звучни сигнали на раскрсниците (на семафорите)”, и спроведената и завршена иницијатива ја претстави преку документ за јавни политики. Документот за јавни политики на Димитриевска се осврнува на проблемот со лошата патна инфраструктура во Куманово, што создава тешкотии за слепите лица. Таа оствари средби со претставници на здруженијата на лица со посебни потреби и претставници од општината. Предложените решенија беше планирано да се презентираат и дискутираат на седниците на општинскиот совет кој има надлежност за сообраќајот во градот. Целосниот документ за јавна

политика на Димитриевска може да се најде на: https://electoralsupportprogramme.mk/wp-content/uploads/2023/09/Compendium-of-Public-Policy-Briefs-final-ENG-version-1.pdf (страна 74-77).

Јулија Димитриевска е член на партијата Левица и на младинското движење Црвена младина. Таа е на 18-то место на партиската листа на кандидати во изборната единица 2, и оттаму можностите да стане пратеник во Собранието се многу неверојатни.

Димитриевска истакнува три клучни придобивки од учеството на академијата: едукација, нови пријателства, и зајакнување на комуникациските вештини.

Преку учество на академијата, Јулија се стекна со нови знаења за политиката и медиумите, како и подобрени комуникациски и реторички вештини. Таа верува дека примената на стекнатите вештини во пракса ќе биде корисно за нејзините заложби во иднина.



**Каролина Максимовска**
**Политичка партија: СДСМ**
**Изборна единица 6**
**Место на листата на кандидати: 7**
**Поврзаност со Програмата: трета генерација на мобилизатори на заедницата**

Каролина Максимовска беше учесник во третата генерација на мобилизатори на заедницата преку Здружението за рурален развој, Локална акциска група СКАРДУС од Јегуновце. Таа ги посетуваше сите три модули и спроведе иновативна иницијатива со наслов: „Шанса за младите луѓе - Сега!" Во рамките на оваа иницијатива се спроведе мониторинг на реализацијата на изборното ветување „Отворање на мини-индустриска зона во населбата Подбреге", кое имаше за цел да се ревитализира локалната економија во општина Јегуновце и да се отворат нови работни места за младите луѓе. Дел од активностите за мобилизација на заедницата беа теренско истражување, средби со единицата на локалната самоуправа, лобирање, мобилизација на младите и локалното население потсетувајќи ги на ветувањата, споделување на резултатите од спроведениот мониторинг, јавни дебати со засегнатите страни, итн. Иницијативата се спроведуваше во Јегуновце со вкупен буџет од 300.000 денари. Повеќе информации за иновативната иницијатива на Максимовска може да се најдат на: https://electoralsupportprogramme.mk/en/single-initiative-2022/?ID=4032 .

Каролина Максимовска стана член на СДСМ и на младинската организација на СДСМ. Таа е на листата на кандидати на партијата и коалицијата во изборната единица 2. Со оглед на тоа дека се наоѓа на седмото место на листата на кандидати, малку е веројатно дека таа ќе биде избрана за пратеник во Собранието.

Каролина се навраќа на нејзините искуства како мобилизатор на заедницата, потенцирајќи го позитивното искуство од програмата. Како успех од шестмесечното посетување на академијата, таа посочува на личниот развој во однос на вештините и надминувањето на предизвиците за кои претходно имала сомнеж. Дополнително, преку искуството таа ја зајакнала способноста за ефективна комуникација со заедницата, коешто за неа лично било корисно.

Навраќајќи се на искуствата како мобилизатор на заедницата, Каролина истакнува како таа ги продлабочила вештините за комуникација и контактите, кои според неа даваат корисна предност. Таа смета дека ова искуство ќе ѝ биде корисно за политиката од аспект на олеснување на директната комуникација со граѓаните и чинителите. Таа ја потенцира важноста на вклученоста на младите во политиката и искажува одлучност и мотивираност да се кандидира, поттикната од нејзиното верување во потенцијалот на младите луѓе да дадат позитивен придонес за политичките процеси и подобрувањата во општеството.



**Марио Јанески**
**Политичка партија: Левица**
**Изборна единица 2**
**Место на листата на кандидати: 4**
**Поврзаност со Програмата: трета генерација на Академијата за јавни политики**

**Марио Јанески** беше учесник на третата генерација на Академијата за јавни политики. Тој ги помина сите три модули на академијата и се стекна со сертификат за завршена академија. Јанески ја предложи следната иницијатива: „Обезбедување објекти и програми за лицата со интелектуална попреченост во соработка со невладините организации." Тој успеа да ја спроведе иницијативата и да подготви и презентира документ за јавни политики. Во документот се осврнува на проблемот околу непостоењето на дневен центар за грижа за лица со интелектуална попреченост во Битола. За да го истражи проблемот, Јанески одржа состаноци со општинските власти, советниците и членовите на семејствата на лицата со интелектуална попреченост. Како резултат на тоа, еден од советниците одлучи да поднесе предлог до Советот на општина Битола за да се започне со процесот за техничка спецификација и идентификување на објекти кои што се во надлежност на општината. Целосниот документ за јавни политики на Јанески може да се најде на https://electoralsupportprogramme.mk/wp-content/uploads/2023/09/Compendium-of-Public-Policy-Briefs-final-ENG-version-1.pdf (страна 18-21).

Марио Јанески е член на партијата Левица и во моментов е Претседател на младинското движење Црвена младина. Тој е на четвртото место на партиската листа на кандидати во изборната единица 2. Изгледите дека тој ќе стане пратеник во Собранието се мали.

Марио се присетува на позитивните искуства со Академијата за јавни политики, потенцирајќи неколку причини за неговото задоволство. Тој ја истакнува можноста за блиска интеракција со млади луѓе од други политички партии, што ја подобрило неговата перцепција за политичките противници. Дополнително, за него е корисно да се слушаат предавања од поединци со различна политичка заднина, вклучително и поранешни политичари и од левиот и од десниот политички спектар, коешто го проширило неговото разбирање за различните политички перспективи.

Марио истакнува дека академијата му овозможила подробно да го разбере процесот за креирање јавни политики, а тоа е клучно за секој надежен млад политичар. Тој ја потенцира важноста на таквото знаење за секој иден политички ангажман, бидејќи се стекнал со неопходните вештини за спроведување и креирање политики кои му служат на јавниот интерес.



**Тодор Конески**
**Политичка партија: ВМРО-ДПМНЕ**
**Изборна единица: 1**
**Место на листата на кандидати: 20**
**Поврзаност со Програмата: прва генерација на Академијата за јавни политики**

Тодор Конески беше учесник во првата генерација на Академијата за јавни политики. Тој ги заврши сите три модули и му беше доделен сертификат за завршена академија. Конески предложи да работи на следната иницијатива: „Решенија за безбеден и еко-превоз во Скопје (велосипед)".

Тодор се присетува на искуствата како дел од првата генерација на овој уникатен начин на учење, истакнувајќи го формативниот карактер на академијата, и за учесниците, и за организаторите. Тој посочува на дополнителниот предизвик да се работи на програмата во услови на пандемијата со Ковид-19. И покрај тоа, за него тоа искуство било пријатно, поради увидите добиени од искусни професионалци во политиката и негувањето позитивни релации со колегите од различни политички партии. Исто така, тој го споменува и одржувањето лични контакти со претставници од речиси сите вклучени партии, покрај тоа што тие не комуницираат формално како група.

Тодор го истакнува практичното искуство стекнато на академијата како најкорисен аспект за неговите политички заложби, особено во кандидатурата за пратеник и пошироко за политичкиот ангажман. Тој го потенцира поврзувањето на теоријата и праксата во рамки на академијата, што дава корисни увиди за спроведувањето политики и за водењето проекти. Учеството во симулираните дебати за него било особено корисно за да се подготви за предизвиците околу водењето кампања, како што е давање одговори на неочекувани прашања и презентирање убедливи аргументи наспроти политичките противници.

Тодор Конески е член на ВМРО-ДПМНЕ и Секретар за меѓународна соработка на Унијата на млади сили во партијата. Конески е на листа на кандидати на партијата и коалицијата во изборната единица 1. Тој е на 20-то место на листата на кандидати и малку е веројатно дека ќе стане пратеник во Собранието.



**Херолинд Сакипи**
**Политичка партија: Демократско движење (дел од коалицијата ВРЕДИ)**
**Изборна единица 2**
**Место на листата на кандидати: 8**
**Поврзаност со Програмата: втора генерација на Мобилизатори на заедницата**

Херолинд Сакипи беше дел од втората генерација на мобилизатори на заедницата. Учествуваше на сите три модули и ја спроведе иновативната иницијатива со наслов: „Отворени листи – мојот глас за мој претставник во Собранието." Иницијативата имаше за цел да се подигне свеста и да се поттикне дискусија кај граѓаните за отворените листи и да се предложат измени на Изборниот законик. Во рамките на оваа иницијатива, преку анкета се испитуваше знаењето на граѓаните за отворените листи и нивното мислење за воведување отворени листи за локалните избори во 2021. Дополнителни дискусии беа организирани и со пратениците, младинските ограноци на политичките партии, НВОи, членовите на работната група во Министерството за правда, и Државната изборна комисија, кои исто така беа поканети да споделат повеќе информации за концептот на отворени листи во текот на јавната дискусија. Сите активности во рамки на иницијативата, вклучително и консолидираниот извештај од анкетата и реализираните дискусии/средби беа промовирани на социјалните мрежи. Иницијативата се спроведуваше во Куманово со вкупен буџет од 104.600 денари. Повеќе информации за иновативната иницијатива на Сакипи може да се најдат на: https://electoralsupportprogramme.mk/en/municipality/%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%be/ .

Херолинд раскажува за неговото позитивно искуство како мобилизатор на заедницата, истакнувајќи ја улогата што ја имал за идентификување на потребите и предизвиците во заедницата преку средби и разговори. Тој ги опишува заложбите за негување партнерства со локалните организации, наведувајќи го примерот со иницијативата за измената на изборниот законик. Оваа иницијатива покажа дека постои потенцијал за позитивни промени преку соработка со заедницата. На крајот, тој се навраќа на патешествието што го одбележаа многу предизвици и достигнувања, потенцирајќи ја важноста на соработката со заедницата за да се поттикне напредок и развој.

Херолинд покажа интерес за изборните процеси, и тоа му помогна да обезбеди грант и проект преку Програмата за мобилизација на заедницата, во насока на измена на изборниот законик и примена на модел на отворени листи. Во текот на едногодишниот проект, тој стекна вредни искуства, оствари нови контакти, и се соочи со разни предизвици што придонесоа за неговиот личен и професионален раст. Инспириран од таквото искуство, тој одлучи да се вклучи во политиката и успешно си обезбеди место на листата на кандидати за пратеници во Собранието како дел од политичката партија Демократско движење во рамки на коалицијата „ВРЕДИ".

Херолинд стана член на  Демократско движење и сега е општински координатор за политичка активност и структура на партискиот огранок во Липково.  Тој е на осмото место на листата на кандидати за Коалицијата ВРЕДИ во изборната единица 2. Изгледите да освои собраниски мандат се мали.

---

**Работилница: Младинско лидерство – Учество во донесувањето одлуки (2022)**

Во септември 2022, проектот организираше работилница во соработка со Истражувачко-аналитичкиот центар на ДУИ, со присуство на младите партиски членови. За време на работилницата, учесниците имаа можност да ги развиваат и јакнат своите лидерски вештини, ангажманот и комуникацијата со граѓаните, како и нивното учество во процесите за креирање политики и донесување одлуки. **Мјелма Ејупи,** која учествуваше во активностите за градење капацитети, е поставена на листата на кандидати на Европскиот фронт предводен од ДУИ. Таа е кандидат во четвртата изборна единица, на седмото место на листата на кандидати, со мала веројатност да биде избрана за пратеник во Собранието.

**Работилница: Мобилизирање на потенцијалот на младите партиски членови за претстојните парламентарни избори:  информирање за јавните политики – аргументирање и презентација (2024)**

Во март 2024,  во соработка со Истражувачко-аналитичкиот центар на ВМРО-ДПМНЕ, беше организирана работилница за членовите на младинската организација на партијата. Со активноста беа опфатени теми од областа на медиумите, комуникацијата и младинските политики, односите со јавност и комуникација во политиката, јавно говорење, учество на прес конференции и ТВ интервјуа, дигитални медиуми, како и за пристапот и успешните стратегии за ефективно користење на социјалните мрежи. Четворица од учесниците на обуката беа поставени на партиските листи на кандидати за парламентарните избори во 2024, односно:

**Александра Николовска** е кандидат на листата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата во изборна единица 1. Таа е на 19-то место на листата на кандидати со веројатност да биде избрана за пратеник во Собранието.

**Драгана Бојковска** е кандидат на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во третата изборна единица, и се наоѓа на 12-то место на листата. Со оглед на традиционално високата поддршка за партијата во оваа изборна единица, Бојковска има големи изгледи да добие пратенички мандат.[3]

**Сергеј Попов** е претседател на Унијата на младите сили на ВМРО-ДПМНЕ и е кандидат на листата на партијата и коалицијата во првата изборна единица. Попов е на 13-то место на листата на кандидати со изгледи да биде избран за пратеник во Собранието.[4]

---

[3] На изборите, Бојковска освои пратенички мандат бидејќи партијата обезбеди 14 од 20 пратенички мандати во таа изборна единица.

[4] Партијата освои десет мандати во оваа изборна единица.  Според очекувањата, некои од кандидатите кои се на повисоките места на листата на кандидати ќе бидат избрани во Владата и ќе се испразнат тие пратенички места, што отвора можност Попов дополнително да биде избран за пратеник.

**Тодор Конески** е опфатен во претходниот дел од документот, бидејќи тој беше учесник во првата генерација на Академијата за јавни политики.

## IV. Заклучоци

- Согледувајќи го позитивното искуство на учесниците во активностите на програмата во текот на главната фаза 1, како и значителното влијание на младите луѓе врз изборите и политиката, Програмата за поддршка на изборите и понатаму ќе ги поддржува овие програми и ќе ги оснажува младите луѓе за да активно се ангажираат со политичките партии и креаторите на политики, така вршејќи целисходно влијание врз политиките.
- Двете програми за градење капацитети се покажаа корисни за учесниците бидејќи тие се стекнаа со потребните вештини за политички ангажман, и тоа им помогна да градат релации со колегите, експертите и политичките противници, што е од клучна важност за нивните идни политички напори и ангажмани;
- Стекнатото знаење и научените нови стратегии и методи преку искуствата им помогна на учесниците да развиваат нови иновативни методи за ангажман со гласачите и да дадат придонес за изборната кампања на партиите;
- Преку учеството на Академијата за јавни политики или преку интеракцијата со локалните заедници, младите политичари се изложени на различни гледишта и искуства, независно дали преку програмите за учење или ангажман со заедницата, а со тоа се збогатува политичкиот пејзаж и се поттикнува директна комуникација и зголемено разбирање помеѓу политичарите од разни партии;
- Имајќи предвид дека учесниците во двете програми се млади партиски членови со поинтензивен ангажман на локално ниво, тоа отвора можност за учесниците на академијата и мобилизаторите на заедниците да се најдат на листите на кандидати за локалните избори во 2025.